

Во рамките на програмата на БИТФЕСТ 2012, НУУБ „СВ.Климент Охридски“ - Битола започнува да го реализира проектот „Учиме да твориме“.

Во рамките на проектот е предвидено да се одржуваат осум работилници за 15 – 20 млади заинтересирани луѓе како да пишуваат книга.

На работилниците на мошне сликовит начин ќе се прикаже процесот на создавање на едно книжевно дело од идеја и замисла, до истражување и нејзината подготовка, пишување, илустрација, вообличување, печатење, дистрибуција, па се првиот контакт со читателите.
Првата работилница ќе се одржи на ден 23.07.2012 година (понеделник) со почеток во 11 часот во просториите на Библиотеката.